РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1362/7
28 -07- 2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1362/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1362/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1362/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ------------- по избор на функцијата член --------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека -------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член -------------------- не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1362/5 од 25.06.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.
Согласно член 24 став 1 од ЗСКСИ, ДКСК ќе достави известување до општина Пробиштип, орган каде лицето ја врши функцијата член на Совет на општина Пробиштип за повреда на одредбите од овој закон.
Согласно член 24 став 2 од ЗСКСИ, надлежниот орган е должен писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивање на известувањето.

Со превземање на горенаведените дејства од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: М.С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk